# Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за периодот 1.01.-31.12.2021 година

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Генерален секретаријат на Владата на Република СевернаМакедонија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Светомир Рајчиноски, Раководител на Одделение за стратешко планирање и следење |
| **Период на известување** | 1.01.-31.12.2021 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 6.06.2022 |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, 6.06.2022**

**Име и презиме**

**м-р Методија Димовски**
**генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

_________________________

**Име Презиме** (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**✓

**Б) Охрабрувачки**

**В) Програмски**

**Основни мерки:**

Во Генералниот секретаријат на Владата согласно Членовите 5, 6 и 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите и во текот на 2021 година продолжија да се применуваат основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите. Имено, од аспект на **основните мерки** согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 124/08 и 58/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа (Службен весник на Република Македонија бр.131/18), во стратешките документи (Стратешкиот план 2021-2023 и Годишниот план за 2021) беа запазени овие принципи.

**Посебни мерки:**

Согласно член 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите и во текот на 2021 година во Генералниот секретаријат продолжија да се применуваат и **посебните мерки** за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, односно во постапките за вработување и стручно оспособување на вработените презема посебни - позитивни мерки со кои при еднакви услови се дава приоритет на лица од помалку застапениот пол, се додека не се постигне родовата еднаквост.

**2.2. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Во постапката за вработување кандидатите кои имаат добиено ист број на бодови се дава приоритет на лицата од помалку застапениот пол, за да се постигне еднаква застапеност на жените и мажите.

Генералниот секретаријат на Владата се грижи за еднаков третман на вработените (жени/мажи) при нивното упатување на генерички или специјализирани обуки од соодветните области односно се грижи за доследна примена на мерките за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во делот на стручното усовршување и оспособување.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за

**Индикатор:**
Процентуална застапеност на жените и мажите.

**Пресметка:**
Разлика во процентуалната застапеност на жените во тековната во однос на претходната година.

Во Генералниот секретаријат на Владата во 2020 година 57,30% се жени, а 42,70% се мажи, додека пак во 2021 година 60% се жени, 40% се мажи, односно бројот на жени се зголемил за 2,7%.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

https://vlada.mk/strateshko-planiranje

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

По спроведен online консултативен процес со граѓанските организации, одржана седница и позитивно мислење од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Генералниот секретаријат до Владата на Република Северна Македонија достави Предлог - Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година. Приоритетните цели за кои се предвидува финансиска поддршка на здруженијата и фондациите со оваа Програма се:
1. Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, 2. Справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19, 3. Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени,
4. Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност, 5. Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот, 6. Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и 7. Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

---

аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

Владата ја донесе Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година на седницата одржана на 12.1.2021 година, во предложената форма. Програмата е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 8 од 12.1.2021. Со Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ“ бр. 166/21), Владата додели 33 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 19.800.000 денари, од кои 2 гранта се со родова перспектива, односно 6% од вкупните доделени грантови.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

**Индикатор:** процентуална застапеност на родовата перспектива во грантовите доделени од страна на Генералниот секретаријат на владата на граѓанските организации.

**Пресметка:**
*Број на доделени грантови кои се поврзани со родовата перспектива/Вкупно доделени грантови • 100*

Во 2020 година вредноста на индикаторот изнесува од аспект на вкупниот број на доделени грантови и доделени грантови поврзани со родовата перспектива е 3% додека пак во 2021 година е 6%, односно вредноста на индикаторот е поголема за 3%.

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

- Прилог бр. 2 - Образец за родово-буџетски иницијативи 2020-2022 и
- Прилог бр. 3 - Образец за родово буџетски иницијативи 2021-2023.

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Преку Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година, со Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на РСМ“ бр.166/21), Владата додели 33 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 19.800.000 денари.
Меѓу проектите кои добија финансиска поддршка од Владата се: „Рурален женски е -пазар“ (600.000 денари) и „Економско зајакнување на жените и младите од руралните средини клуч кон одржлив рурален развој “ (600.000 денари).

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Во Генералниот секретаријат на Владата во 2021 година, од вкупно 245 вработени, 147 или 60% се жени, а 98 или 40% се мажи. Подетално податоците од аспект на родовата застапеност по одделни звања се дадени во Табелата бр 1, заклучно со 31.12.2021 година.

| Звање | Ниво | ЖЕНИ | МАЖИ | ВКУПНО | Жени % |
|---|---|---|---|---|---|
| Државен советник | Б1 | 14 | 12 | 26 | 54% |
| Раководител на сектор | Б2 | 5 | 2 | 7 | 71% |
| Помошник раководител на сектор | Б3 | 18 | 11 | 29 | 62% |
| Раководител на одделение | Б4 | 13 | 9 | 22 | 59% |
| Советник | В1 | 24 | 19 | 43 | 56% |
| Виш соработник | В2 | 9 | 9 | 18 | 50% |
| Соработник | В3 | 6 | 2 | 8 | 75% |
| Помлад соработник | В4 | 35 | 18 | 53 | 66% |
| Самостоен референт | Г1 | 15 | 9 | 24 | 63% |
| Виш референт | Г2 | 1 | 0 | 1 | 100% |
| Референт | Г3 | 1 | 1 | 2 | 50% |
| Помлад референт | Г4 | 6 | 6 | 12 | 50% |
| **ВКУПНО:** | - | **147** | **98** | **245** | **60%** |
| | | **60.00** | **40.00** | | **100** |

***Табела бр. 1** – Број на вработени во Генералниот секретаријат на Владата од аспект на родовата перспектива*

Притоа, во текот на 2021 година обуки од разни области посетиле 14 жени и 11 мажи.

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**
Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година:

https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/1%201%20Predlog%20Programa%202021.pdf

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува. Опишете според:**

**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година не е усвоена.

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Во актот за систематизација на работните места не се утврдени надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**
**Дали тие во обуките се јавиле како:**
**а) слушатели**
**б) обучувачи**

Согласно податоците на Секторот за човечки ресурси координаторот и заменик координаторот немаат присуствувано на обуки во текот на извештајниот период.

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**
**б) заменик координатор за еднакви можности**

Согласно податоците на Секторот за човечки ресурси координаторот и заменик координаторот немаат присуствувано на обуки во текот на извештајниот период.

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

Имајќи предвид дека во Генералниот секретаријат на Владата овие принципи се воведени и функционални во извештајниот период нема посебни предизвици.

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

Во извештајниот период се продолжи со почитување на принципите на еднакви можности

на жените и мажите, односно родовата перспектива, а не се нотирани лоши пракси.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

- Воспоставен ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост;
- Вклученост на принципите на еднакви можности на жените и мажите во стратешките и годишните планови на Генералниот секретаријат.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Имајќи предвид дека Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 не е усвоена, во Генералниот секретаријат на Владата при изработката на клучните стратешки документи и понатаму ќе се почитуваат принципите на еднакви можности на жените и мажите, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

- Во насока на подобра функционалност на механизмот за **родова еднаквост добро би било Координаторите и замениците на координатори за родова еднаквост** од соодветните институции да имаат **соодветно стручно образование** односно завршено **Родови студии** со што ќе се овозможи заштеда на финансиски ресурси за стручно оспособување (обуки) на кадри со несоодветно образование.

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Во насока на поефикасно функционирање неопходен услов е усвојување на Предлог-Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година и соодветно на тоа Националниот план за акција 2021-2023.

| **Образец за родово буџетски иницијативи 2020-2022 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на буџетски корисник:** | ВЛАДА НА РСМ | | | |
| **Назив на родово буџетската иницијатива** | ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА | | | |
| **Краток осврт и цели на предлогот** | Целта на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата, содржана во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2020 година, преку овозможување на финансиска поддршка за проекти со кои здруженијата и фондациите директно ќе учествуваат во реализацијата на приоритетните цели. Програмата содржи опис на приоритетите, видот на финансирање и висина на средствата. Еден од приоритетните (областите) за финансиска поддршка е **унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите.** | | | |
| **Индикатор** | % на доделени грантови за приоритетната цел: Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите | | | |
| **Вредност на индикатор** | 2020 | 2021 | 2022 | |
| | 3%* | 4% | 5% | |
| **Предлог Буџет за реализација на предлогот** | 2020 | 2021 | 2022 | |
| | | | | |

| Образец за родово буџетски иницијативи 2021-2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив на буџетски корисник:** | ВЛАДА НА РСМ | | | |
| **Назив на родово буџетската иницијатива** | ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА | | | |
| **Краток осврт и цели на предлогот** | Целта на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата, содржана во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2021 година, преку овозможување на финансиска поддршка за проекти со кои здруженијата и фондациите директно ќе учествуваат во реализацијата на приоритетните цели. Програмата содржи опис на приоритетите, видот на финансирање и висина на средствата. Една од приоритетните областите за финансиска поддршка е Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, која во Програмата за финансирање на програмски активности се реализира преку повеќе проекти чија главна цел е З**големување на економската моќ и независност на женатите од руралните средини преку создавање на стабилни и**<br>**конкурентни вредносни синџири во локалната заедница и економско зајакнување на жените и младите од руралните средини како клуч кон одржлив рурален развој** | | | |
| **Индикатор** | % на доделени грантови за приоритетната цел: Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите | | | |
| **Вредност на индикатор** | 2021 | 2022 | 2023 | |
| | 6%* | | | |
| **Предлог Буџет за реализација на предлогот** | 19.800.000 | 20.000.000 | | |
| | | | | |